**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА**

**ФИКТ**

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10


Бр.02-329/13
24.04.2018 година
Битола

Врз основа на член 63 став 1 алинеа 7, 133 и 134 од Законот за високото образование и член 56 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“- Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува Реферат на Рецензионата комисија, објавен во Универзитетскиот билтен бр. 440 од 02.04.2018 година, за избор на наставник од научните области: 11000 - Информатика, 11002 - Информациони системи и програмирање, 11011 - Друго, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола и доц. д-р Наташа Табаковска се избира во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 11000 - Информатика, 11002 - Информациони системи и програмирање, 11011 - Друго **за време од 5 години**.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по завршувањето на претходниот избор, односно од **18.06.2018 година**.

*Образложение*:

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 06.12.2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, од научните области: 11000 - Информатика, 11002 - Информациони системи и програмирање, 11011 - Друго, се пријави еден кандидат, д-р Наташа Табаковска.

Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-785/4 од 19.12.2017 година, поднесе Реферат и Издвоено мислење за кандидатот кои се објавени во Универзитетскиот билтен бр. 440 од 02.04.2018 година.

Во Рефератот се предлага, кандидатот д-р Наташа Табаковска да се избере во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 11000 - Информатика, 11002 - Информациони системи и програмирање, 11011 - Друго, додека пак во Издвоеното мислење се предлага, кандидатот д-р Наташа Табаковска да се избере во наставно-научно звање, **доцент** од научните области: 11000 – Информатика и 11002 - Информациони системи и програмирање.

На објавениот Реферат немаше приговор и Наставно-научниот совет по истекување на законски предвидениот рок од 15 дена од објавувањето на Рефератот во универзитетскиот билтен и на веб страната на универзитетот, односно на самостојната високообразовна установа, одржа седница на која ги разгледа Рефератот и Издвоеното мислење на Рецензионата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА**

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

комисија, по што утврди дека се исполнети условите да се изјасни по истите и да изврши избор на предложениот кандидат.

Земајќи го во предвид горенаведеното Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Наставно-научен совет**
**Декан,**
**Ред. проф.д-р. Игор Неделковски**

Подготвил/Проверил: м-р Илче Димовски

ДН:- д-р Наташа Табаковска
- архива
- работно досие
- сметководство